Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21) по барање на **Мадал Бал Дооел - Скопје**, за интервенција на зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило (останато зеленило) на 12 (дванаесет) дрвја (6 багреми и 6 сливи), коишто се наоѓаат на **ул. „Славејко Арсов", на КП 2692/5 и КП 2908/39, КО Центар 2 – Скопје.**
2. Сечењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4.Се задолжува барателот да засади 12 (дванаесет) високошколувани садници (1+5) како што е утврдено во член 36 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) во рок од 30 дена после реализацијата на точка 2 од ова решение и за тоа да го извести овој орган.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Мадал Бал Дооел - Скопје, Бул. "Киро Глигоров" бр. 4 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/905** од **26.11.2025** година, за сечење на дрвја коишто се наоѓаат на **ул. „Славејко Арсов", на КП 2692/5 и КП 2908/39, КО Центар 2 – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвата пречат при изведба на градежни работи, односно градба на станбена куќа. Исто така барателот располага со правосилно одобрение за градба Уп1 бр.27-9/2024 од 17.10.2025 год. издадено од Општина Центар.

Согласно член 10 односно член 11 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за останато зеленило. Согласно член 34 став 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и 42/20 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24), корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови.

Во став 2 од истиот член стои дека работите од ставот 1 се вршат врз основа на решение издадено од Градот Скопје, со кое се утврдуваат условите и начинот за извршените работи. Согласно член 14 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е правно или физичко лице, сопственик или корисник на градежна парцела на која се наоѓа зеленилото.

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрвја се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресечените дрвја, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и дека состојбата во која се наоѓаат дрвјата, не дозволува нивно пресадување, односно за истите е потребно да се овозможи сечење.
За дрвјата за кои е дозволено сечење на барателот му е наметнато компензациско садење.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/905/2**
**17.12.2025** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

Виш соработник
**Марија Стојановска**

___________________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

___________________________

Помошник Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

___________________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

___________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT